**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-12506/35
Скопје, 10 декември 2024 година

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 10 декември 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: Христина Мишевска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии |
| | проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и |
| | Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии |

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ЕСМ - КОМПОНЕНТА II: ФЕ БИТОЛА 2 И КОМПОНЕНТА III: ВЕТЕРЕН ПАРК БОГДАНЦИ - ФАЗА 2, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, декември 2024 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во рамки на Програмата за обновлива енергија ЕСМ ќе се реализира Компонентата II која се однесува на изградба на фотоволтаична електроцентрала - ФЕ Битола 2 и Компонента III која се однесува на дополнително финансирање на проектот Ветерен парк Богданци - фаза 2. Активностите опфатени со овие две компоненти ќе ги имплементира Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (АД ЕСМ - Скопје).

Компонентата II - Со изградба на ФЕ Битола 2, се очекува да се добие зголемување на инсталираната моќност од обновливи извори на енергија од минимум 50MW, како и зголемено производство на електрична енергија од околу 90 GWh годишно.

Имено, со имплементација на оваа компонента, ќе се зголеми учеството на обновливи извори на енергија во земјата, што ќе придонесе за исполнување на стратешките определби и обврските согласно меѓународните договори за учеството на обновлите извори на енергија, и тоа:

- инсталиран капацитет на Фотоволтаичната електроцентрала (ФЕ) Битола 2 – најмалку 50MW, при што просечното годишно производство на електрична енергија ќе изнесува околу 90 GWh,
- ќе се уредат околу 100ha земјиште во кругот на рудникот во РЕК Битола, за кое АД ЕСМ има обврска за рекултивација,
- се отвора можност за инсталација на дополнителен капацитет од 100MW (ФЕ Битола 3), со што дополнително ќе се намалат емисиите на $CO_2$ и ќе се рекултивираат дополнителни 160 ha од земјиштето (во следна фаза).

Преку зголемување на учеството на обновливите извори за производство на електрична енергија со овие активности, би се компензирале годишни емисии на CO2, доколку оваа енергија би се произвела од термоелектрани и тоа:

- 63.000t - за инсталиран капацитет од најмалку 50MW и просечно годишно производство на електрична енергија од електраната од 90 GWh.
  За финансирање на оваа компонента потребни се средства во износ од 47.300.000 евра.

Компонента III - Со цел реализација на проектот Ветерен парк Богданци - фаза 2, досега се обезбедени финансиски средства, од следните извори на финансирање:

- Средства во износ од 18.000.000 евра, преку заем од Кредитната банка за обнова - КфВ на Сојузна Република Германија, за којшто на ден 13.12.2018 година, помеѓу КфВ и АД ЕСМ - Скопје, склучен е Договор за заем, кој е обезбеден со државна гаранција и
- Средства во износ од 8.903.791 евра, преку инвестициски грант од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан, за којшто на ден 18.03.2024 година, склучен е Договор за грант помеѓу АД ЕСМ - Скопје и КфВ.

Во согласност со добиените финансиски понуди од страна на Понудувачот за ЛОТ 1: Ветерни турбини и од страна на Понудувачот за ЛОТ 2: Изградба на патишта и кабелски врски, има надминување на проектираната инвестициска вредност, при што се јавува потреба од дополнителни финансиски средства за реализација на проектот.

Со оваа компонента ќе се обезбедат дополнителни средства за финансирање на овој проект во износ од 7.700.000 евра.

Вкупниот износ на потребни средства за финансирање на горенаведените две компоненти во вкупен износ од 55.000.000 евра, АД ЕСМ - Скопје може да ги обезбеди во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија на Владата на СР Германија согласно Вербалната нота бр.256/2020 – ВЦ 440.55, со поволен заем во износ од 55 милиони евра, обезбеден со државна гаранција.

Согласно Заклучоците од 28-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 29.10.2024 година, АД ЕСМ - Скопје во соработка со Министерството за финансии, на 21.11.2024 година ги започна преговорите со КфВ, со цел усогласување на текстот на договорите за обезбедување на заемот во износ од 55.000.000 евра, обезбеден со државна гаранција.

На 26.11.2024 година завршени се преговорите со КфВ и усогласен е текстот на следните договори:

- Договорот за заем кој треба да се склучи меѓу КфВ и АД ЕСМ - Скопје, и
- Договорот за гаранција кој треба да се склучи меѓу КфВ и Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии.

Покрај горенаведените Договори, предвидено е склучување и на Посебен Договор за имплементација на Фотоволтаичната електроцентрала (ФЕ) Битола 2 помеѓу КфВ и АД ЕСМ – Скопје, како и Амандман бр.2 кон Посебниот Договор од 13.12.2018 година за Ветерен парк Богданци – фаза 2.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр.165/14 – пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и бр.151/2021) во име на Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии потпишува договор за издавање на гаранција кон странски заемодавач, како и договор за обезбедување на државна гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

Во таа насока, услов за склучување на Договорот за заем и Договорот за гаранција е усвојување на Предлог на закон за гаранција, од страна на Собранието и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Во рамки на Програмата за обновлива енергија ЕСМ ќе се реализира Компонентата II која се однесува на изградба на фотоволтаична електроцентрала - ФЕ Битола 2 и Компонента III која се однесува на дополнително финансирање на проектот Ветерен парк Богданци - фаза 2.

Компонентата II - Со изградба на ФЕ Битола 2, се очекува да се добие зголемување на инсталираната моќност од обновливи извори на енергија од минимум 50MW, како и зголемено производство на електрична енергија од околу 90 GWh годишно.
Имено, со имплементација на оваа компонента, ќе се зголеми учеството на обновливи извори на енергија во земјата, што ќе придонесе за исполнување на стратешките

определби и обврските согласно меѓународните договори за учеството на обновлите извори на енергија. Преку зголемување на учеството на обновливите извори за производство на електрична енергија со овие активности, би се компензирале годишни емисии на СО2, доколку оваа енергија би се произвела од термоелектрани.

Компонента III се однесува на потребата од дополнително финансирање на проектот Ветерен парк Богданци - фаза 2, со цел успешна реализација на истиот.
Основно начело на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи финансирање на активностите опфатени со овие две компоненти.

Во таа насока, КфВ и АД ЕСМ - Скопје ќе склучат Договор за заем, во износ од 55.000.000 евра, додека Република Северна Македонија ќе ги гарантира обврските кон КфВ преку склучување на Договор за гаранција, меѓу Министерството за финансии и КфВ.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

АД ЕСМ - Скопје ќе обезбеди заем од КфВ во износ од 55 милиони евра, обезбеден со државна гаранција под следните услови:

- Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.
- Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување. При повлекување на секоја наредна транша се пресметува пондерирана просечна каматна стапка и истата ќе се применува на повлечениот износ од заемот.
- Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември.
- АД ЕСМ - Скопје ќе и плати на КФВ еднократна провизија во висина од 0,75% од износот на заемот, пред повлекување на првата транша од заемот или во рок од три месеци од склучување на Договорот за заем.
- АД ЕСМ - Скопје ќе и плаќа на КФВ провизија во висина од 0,25% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво, која се плаќа на полугодишни рати, кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември. Провизијата од неповлечените средства, АД ЕСМ - Скопје ќе започне да ја плаќа во рок од шест месеци од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските од Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу КФВ и АД ЕСМ - Скопје, во износ од 55.000.000 евра, доколку АД ЕСМ - Скопје, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА

ПРОГРАМАТА ЗА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ЕСМ - КОМПОНЕНТА II: ФЕ БИТОЛА 2 И КОМПОНЕНТА III: ВЕТЕРЕН ПАРК БОГДАНЦИ - ФАЗА 2, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА

ЕСМ - КОМПОНЕНТА II: ФЕ БИТОЛА 2 И КОМПОНЕНТА III: ВЕТЕРЕН ПАРК БОГДАНЦИ - ФАЗА 2, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

Член 1

Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во износ од 55.000.000 евра, доколку Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за финансирање на Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.

Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување.

При повлекување на секоја наредна транша се пресметува пондерирана просечна каматна стапка и истата ќе се применува на повлечениот износ од заемот.
Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември.

Член 5

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе и плати на Кредитната банка за

обнова - КФВ еднократна провизија во висина од 0,75% од износот на заемот пред повлекување на првата транша од заемот, а доколку во рок од три месеци од денот на склучувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје не направи повлекување на првата транша од заемот, ќе и плати на Кредитната банка за обнова - КФВ еднократна провизија во висина од 0,75% од износот на заемот.

Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе и плаќа на Кредитната банка за обнова - КФВ провизија во висина од 0,25% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво, која се плаќа на полугодишни рати, кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември.

Провизијата од неповлечените средства од ставот 2 на овој член, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе започне да ја плаќа во рок од шест месеци од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ЕСМ - КОМПОНЕНТА II: ФЕ БИТОЛА 2 И КОМПОНЕНТА III: ВЕТЕРЕН ПАРК БОГДАНЦИ - ФАЗА 2, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ КРЕДИТНАТА БАНКА

ЗА ОБНОВА – КФВ И АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од овој предлог закон, Република Северна Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу КФВ и АД ЕСМ - Скопје, во износ од 55.000.000 евра, доколку АД ЕСМ - Скопје не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Во членот 2 од овој предлог закон наведено е дека условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со горенаведениот Договор за заем.

Во членот 3 од овој предлог закон наведено е дека сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем, како и сервисирањето на заемот ќе ги намирува АД ЕСМ - Скопје, од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Во членот 4 и членот 5 од овој предлог закон наведени се финансиските услови под кои се обезбедува заемот од КФВ, и тоа:

- Рокот за отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период од пет години.
- Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување. При повлекување на секоја наредна транша се пресметува пондерирана просечна каматна стапка и истата ќе се применува на повлечениот износ од заемот.
- Заемот ќе се отплаќа во полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември.
- АД ЕСМ - Скопје ќе и плати на КФВ еднократна провизија во висина од 0,75% од износот на заемот, пред повлекување на првата транша од заемот или во рок од три месеци од склучување на Договорот за заем.
- АД ЕСМ - Скопје ќе и плаќа на КФВ провизија во висина од 0,25% од неповлечените средства од заемот на годишно ниво, која се плаќа на полугодишни рати, кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември. Провизијата од неповлечените средства, АД ЕСМ - Скопје ќе започне да ја плаќа во рок од шест месеци од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

Во членот 6 од овој предлог закон наведено е дека за регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и АД ЕСМ - Скопје ќе склучат посебен договор.
Со членот 7 од предложениот Закон, се уредува влегувањето во сила на Законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се направени со цел обезбедување на средства на АД ЕСМ - Скопје за успешно реализирање на Компонентата II ФЕ Битола 2 и Компонента III проект Ветерен парк Богданци - фаза 2 во рамки на Програмата за обновлива енергија ЕСМ.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Склучувањето на Договорот за заем и Договорот за гаранција ќе овозможи во рамки на Програмата за обновливи извори на енергија на Владата на СР Германија согласно Вербалната нота бр.256/2020 – ВЦ 440.55, АД ЕСМ - Скопје да ги добие како поволен

заем во износ од 55 милиони евра, обезбеден со државна гаранција. Со склучувањето на договорите средствата ќе бидат достапни за финансирање на ФЕ Битола 2 и кофинансирање на проектот Ветерен парк Богданци - фаза 2.

Имплементацијата на овие две компоненти ќе придонесе кон обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.
Со оглед на фактот што во Република Северна Македонија има многу високо загадување на воздухот поради согорувањето на дрва, нафта и ѓубре за греење, со реализацијата на ФЕ Битола 2 и Ветерен парк Богданци – фаза 2, ќе се овозможи заштита на животната средина и одржливо користење на природните ресурси и намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени, преку искористеност на ветерот и сонцето како чисти обновливи извори на енергија. Воедно, ќе се обезбеди енергетска сигурност и стабилност преку раст на инвестициите во енергетскиот сектор и зголемување на учеството на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка.

Имајќи го предвид горенаведеното, со реализацијата на овие компоненти се дава голем придонес кон остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија утврдени со Одлука за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103 од 18.05.2024 година).

Влада на Република Северна Македонија

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| **1. Назив на предлогот:** | **2. Министерство / орган на државна управа :** |
|---|---|
| Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка | Министерство за финансии |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:** |
| По усвојување на Предлогот на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, од страна на Собранието на Република Северна Македонија и по негово објавување во Службен весник, ќе се пристапи кон потпишување на Договорот за заем и Договорот за гаранција. | Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка |
| **5. Контакт лице и звање:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Сузана Пенева, државен советник | Тел. 3255 373<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk |

| **7. Активност:** |
|---|
| |

**8. Вид на барање:**

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

| 9. **Цел на барањето / предложената активност:** |
|---|
| По усвојување на Предлогот на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, од страна на Собранието на Република Северна Македонија и по негово објавување во Службен весник, ќе се пристапи кон потпишување на Договорот за заем и Договорот за гаранција. |

| 10. **Врска со владината програма:** |
|---|
| |

| 11. **Фискални импликации:** | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. | 2027 год. |
| A.Вкупни трошоци за предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | | | |
| B.Одобрени средства за предлогот | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | | | | |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| E.Нето импликации на средствата на органот (C-D) | | | | |
| Плати | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F.Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: Заем од КфВ доделен АД ЕСМ - Скопје обезбеден со државна гаранција | | | | |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А | | | | |

| | |
|---|---|
| до 11 G) | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | |

22. Одобрено / Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________________<br>Државен секретар<br>Андријана Матлиоска | ___/___/___<br>Ден / месец / год. | ______________________<br>Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска Кочоска | ___/___/___<br>Ден/ месец/год. |

*Материјалот не предизвикува фискални импликации.

Изработил: Ана Димитриевска
Контролирал: м-р Ленче Божиноска
Одобрил: Кристина Павловска/м-р Андрија Алексоски
Сузана Пенева

Проверил: Катерина Антовска